**Коментар**

за финансиските резултати на Охридска банка АД Скопје остварени во периодот јануари – септември 2019 година

**Кумулативниот реализиран финансиски резултат** за периодот од 1.1.2019 до 30.9.2019 г. изнесува 385,6 милиони денари. На остварениот резултат влијаеја порастот на нето-приходите од провизии и на нето-приходите од курсни разлики, но и повисокиот раст на исправката на вредноста на финансиските средства, намалувањето на нето-приходите од камати и другите приходи, поради што остварениот резултат бележи намалување за 146 милиони денари или за 27,5 % во споредба со истиот период минатата година.

Нето-приходите од камати на крајот од септември 2019 година изнесуваат 831,8 милиони денари и во однос на истиот период минатата година се намалени за 41 милион денари или за 4,7 %. Реализацијата на нето-каматните приходи е под влијание на пазарниот притисок на каматните маргини, односно на намалувањето на активните каматни стапки кое не е следено со исто темпо на страната на пасивните каматни стапки.

Приходите од камати бележат зголемување за 4,2 милиони денари во најголем дел поради порастот на приходите од камати на кредитите на населението, кои и покрај влијанието на пониската просечна каматна стапка, бележат раст благодарение на зголемената состојба. Каматните приходи од пласмани во секторот компании се пониски споредено со истиот период минатата година поради пониските каматни стапки, додека кај пласманите во хартии од вредност (благајнички и државни записи) имаме намалување на каматните приходи, што е поврзано со значајно намалените каматни стапки.

Каматните трошоци бележат зголемување за 45,2 милиони денари или за 17,03 %, што е резултат на зголемениот обем на депозити на клиентите, како и на зголемените каматни трошоци по основа на користени средства од меѓународните финансиски институции поради зголемениот обем.

Нето-приходот од провизии и од надоместоци во износ од 255,7 милиони денари е зголемен за 22,3 милиони денари или за 9,5 % во однос на истиот период минатата година. Приходите од провизии и од надоместоци бележат посилен раст од 40,0 милиони денари, со позитивен придонес на провизиите од платниот промет во земјата, провизиите од услуги кај кредитните производи, издадените гаранции, картичното работење, новововедените производи како пакетите, електронското и мобилното банкарство.

Зголемувањето на трошоците за провизии и за надоместоци изнесува 17,7 милиони денари, на што поголемо влијание имаа активностите поврзани со картичното работење, зголемениот број корисници на новите услуги, односно на услугата mass mailing, зголемените надоместоци за активностите на управување со готовината поради промена на тарифникот за надоместоци за услугите од НБРСМ, порастот на надоместоците за трансфер на ефективни парични средства и зголемените

административни надоместоци за користење нови кредитни линии од меѓународни финансиски институции.

Нето-приходите од курсни разлики изнесуваат 113,3 милиони денари и се зголемени за 15,6 милиони денари или за 16,01 % во споредба со истиот период минатата година.

Другите приходи изнесуваат 86,1 милиони денари и споредено со истиот период минатата година се намалени за 25,2 милиони денари, што е резултат на намалените приходи од наплатени претходно отпишани побарувања по главнина и камата. Дополнително влијание врз износот на другите приходи во минатата година имаше и реализираната капитална добивка од продажба на преземен објект.

Исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа на крајот од септември 2019 година изнесува 321,8 милиони денари и споредено со истиот период во 2018 година, бележи зголемување од 89,1 милиони денари, односно од 38,3 %. Зголемувањето на износот на исправката е поради повисоката кредитна изложеност, како и поради зголемената исправка кај клиенти на Банката кои се соочија со тешкотии во исполнувањето на обврските.

Вкупните оперативни трошоци во периодот јануари – септември изнесуваат 579,5 милиони денари, а споредено со претходната година, бележат зголемување од 20,2 милиони денари или 3,6 %. Повисоки оперативни трошоци се забележани кај трошоците за вработените, трошоците поврзани со зголемените деловни активности, и тоа: трошоците поврзани со картичното работење, трошоците за транспорт на готовина, трошоците за хардвер, за осигурување на депозитите, трошоците за поштенски услуги, додека кај сите други ставки се бележи намалување.

OHRIDSKA BANKA

**Биланс на успех**
**за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019**

| | Белешка | *во илјади денари* текoвна година 30.09.2019 | претходна година 30.09.2018 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | 1,142,593 | 1,138,418 |
| Расходи за камата | | (310,793) | (265,563) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | 6 | **831,799** | **872,854** |
| Приходи од провизии и надомести | | 398,912 | 358,962 |
| Расходи за провизии и надомести | | (143,234) | (125,553) |
| Нето-прходи/(расходи) од провизии и надомести | 7 | **255,679** | **233,409** |
| Нето-приходи од тргување | 8 | 0 | 0 |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | 0 | 0 |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 113,337 | 97,696 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 86,090 | 111,265 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | 12 | (321,819) | (232,761) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | 0 | 8,369 |
| Трошоци за вработените | 14 | (274,057) | (254,047) |
| Амортизација | 15 | (66,456) | (69,923) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (238,997) | (235,292) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | 0 | 0 |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **385,575** | **531,571** |
| Данок од добивка | 17 | | |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | **385,575** | **531,571** |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | | |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **385,575** | **531,571** |
| **Добивка/(загуба) за периодот, која припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | | |
| малцинското учество | | | |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| основна заработка по акција (во денари) | | 0.00 | 0.00 |
| разводнета заработка по акција (во денари) | | 0.00 | 0.00 |

OHRIDSKA BANKA

**Биланс на состојба**
**на ден 30.09.2019**

| | | *во илјади денари* | |
|---|---|---|---|
| | | тековна година 2019 | претходна година 2018 |
| | Белешка | 30.09.2019 | 31.12.2018 |
| **Актива** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 10,499,509 | 8,789,384 |
| Средства за тргување | 19 | 0 | 0 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање | 20 | 0 | 0 |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | 35 | 78 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 28,428,435 | 28,556,388 |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 1,274,902 | 1,266,453 |
| Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина“) | 24 | 0 | 0 |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 32,446 | 0 |
| Останати побарувања | 25 | 105,096 | 80,359 |
| Заложени средства | 26 | 0 | 0 |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 0 | 0 |
| Нематеријални средства | 28 | 78,232 | 71,677 |
| Недвижности и опрема | 29 | 765,645 | 794,390 |
| Одложени даночни средства | 30.2 | 0 | 0 |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | 0 | 0 |
| **Вкупна актива** | | **41,184,301** | **39,558,728** |
| | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски за тргување | 32 | 0 | 0 |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање | 33 | 0 | 0 |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | 21 | 0 | 0 |
| Депозити на банки | 34.1 | 160,473 | 682,000 |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 29,190,727 | 29,148,973 |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | 0 | 0 |
| Обврски по кредити | 36 | 4,951,806 | 3,238,378 |
| Субординирани обврски | 37 | 1,783,355 | 1,803,271 |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 86,105 | 103,740 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 0 | 14,108 |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | 0 | 0 |
| Останати обврски | 39 | 334,760 | 276,882 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | 0 | 0 |
| **Вкупно обврски** | | **36,507,226** | **35,267,352** |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Запишан капитал | 40 | 1,368,328 | 1,368,328 |
| Премии од акции | | 351,655 | 351,655 |
| Сопствени акции | | 0 | 0 |
| Други сопственички инструменти | | 0 | 0 |
| Ревалоризациски резерви | | 125 | 0 |
| Останати резерви | | 136,833 | 122,597 |
| Задржана добивка/(Акумулирана загуба) | | 2,820,136 | 2,448,796 |
| **Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката** | | **4,677,076** | **4,291,376** |
| Малцинско учество* | | | |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **4,677,076** | **4,291,376** |
| | | | |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **41,184,301** | **39,558,728** |
| | | | |
| Потенцијални обврски | 42 | 18,486,146 | 18,348,598 |
| Потенцијални средства | 42 | 0 | 0 |

**Извештај за паричниот тек**
**за периодот од 01.01.2019 до 30.09.2019**

| | Белешка | тековна година 2019 | претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| | | *во илјади денари* | |
| **Паричен тек од основната дејност** | | | |
| Добивка/(загуба) пред оданочувањето | | 385,575 | 627,368 |
| Коригирана за: | | | |
| Малцинското учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех* | | 0 | 0 |
| Амортизацијата на: | | | |
| нематеријални средства | | 18,473 | 34,443 |
| недвижности и опрема | | 47,984 | 60,359 |
| Капиталната добивка од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | (626) | (1,332) |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | (12,300) |
| Капиталната загуба од: | | | |
| продажба на нематеријални средства | | 0 | 0 |
| продажба на недвижности и опрема | | 0 | 0 |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | 0 |
| Приходи од камата | | (1,142,593) | (1,531,198) |
| Расходи за камата | | 310,793 | 360,332 |
| Нето-приходи од тргување | | 0 | 0 |
| | | | |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | | | |
| дополнителна исправка на вредноста и посебна резерва | | 463,380 | 457,010 |
| ослободена исправка на вредноста и посебна резерва | | (141,561) | (75,544) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | | 0 | 0 |
| ослободени загуби поради оштетување | | 0 | (8,369) |
| Резервирања | | | |
| дополнителни резервирања | | 540 | 38,757 |
| ослободени резервирања | | (22,459) | (20,013) |
| Приходи од дивиденди | | (4,831) | (3,938) |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | | 0 | 0 |
| Останати корекции | | 0 | 0 |
| Наплатени камати | | 1,152,030 | 1,526,584 |
| Платени камати | | (331,339) | (360,551) |
| **Добивка од дејноста пред промените во деловната актива** | | **735,367** | **1,091,608** |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | | |
| Средства за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Кредити на и побарувања од банки | | 42 | (51) |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | | (181,494) | (3,039,073) |
| Заложени средства | | | 0 |
| | | | |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 0 | 0 |
| Задолжителна резерва во странска валута | | 91,380 | (101,471) |
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни односи | | 0 | 0 |
| Останати побарувања | | (23,234) | (271,673) |
| Одложени даночни средства | | 0 | 0 |
| | | | |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | | 0 | 0 |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | | | |
| Обврски за тргување | | 0 | 0 |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | | 0 | 0 |
| Депозити на банки | | (521,527) | 580,992 |
| Депозити на други комитенти | | 41,754 | 2,497,915 |
| Останати обврски | | 48,178 | 55,617 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето** | | **190,466** | **813,864** |
| (Платен)/поврат на данок на добивка | | (46,554) | (7,500) |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | | **143,911** | **806,364** |

| | Белешка | тековна година 2019 | претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| | | *во МКД илјади* | |
| **Паричен тек од инвестициската дејност** | | | |
| (Вложување во хартии од вредност) | | (8,452) | (1,269,618) |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | | 127 | 1,873,430 |
| | | | |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | | 0 | 0 |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | | 0 | 0 |
| (Набавка на нематеријални средства) | | (25,028) | (38,348) |
| Приливи од продажбата на нематеријалните средства | | 626 | 0 |
| (Набавка на недвижности и опрема) | | (19,239) | (116,247) |
| Приливи од продажбата на недвижностите и опремата | | 0 | 1,105 |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | | 0 | 0 |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | | 0 | 0 |
| (Останати одливи од инвестициската дејност) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од инвестициската дејност | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од инвестициската дејност** | | **(51,966)** | **450,322** |
| | | | |
| **Паричен тек од финансирањето** | | | |
| (Отплата на издадените должнички хартии од вредност) | | 0 | 0 |
| Приливи од издадените должнички хартии од вредност | | 0 | 0 |
| (Отплата на обврските по кредити) | | (19,763,855) | (26,985,753) |
| Зголемување на обврските по кредити | | 21,477,913 | 27,217,213 |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | | (15,428) | (14,036) |
| Приливи од издадените субординирани обврски | | 15,428 | 14,161 |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | | 0 | 430,502 |
| (Откуп на сопствени акции) | | 0 | 0 |
| Продадени сопствени акции | | 0 | 0 |
| (Платени дивиденди) | | (525) | (35,864) |
| (Останати одливи од финансирањето) | | 0 | 0 |
| Останати приливи од финансирањето | | 0 | 0 |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | | **1,713,533** | **626,223** |
| | | | |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | | (67) | 18 |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | | | 0 |
| | | | |
| **Нето зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | | **1,805,411** | **1,882,927** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | | 7,138,464 | 5,255,537 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 30 септември** | | **8,943,875** | **7,138,464** |